# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 23, година L**
**Понеделник,23.12.2019**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за субвенционирање на бесплатен јавен градски превоз на патници во денови со високи нивоа на концентрации на суспендирани честички PM10 во амбиентниот воздух над 100 μg/m$^3$**

1. Ја објавувам Одлуката за субвенционирање на бесплатен јавен градски превоз на патници во денови со високи нивоа на концентрации на суспендирани честички PM10 во амбиентниот воздух над 100 μg/m3, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 20.12.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1261/1
23.12.2019 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 точка 2 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на бесплатен јавен градски превоз на патници во денови со високи нивоа на концентрации на суспендирани честички PM10 во амбиентниот воздух над 100 μg/m$^3$**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува право на бесплатен превоз на сите патници кои што ќе користат јавен превоз со градските линии во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Битола во работни денови во кои концентрацијата на суспендирани честички со големина од 10 микрометри (PM10) во амбиентниот воздух измерена во 06:00 часот на државната мерна станица за квалитет на амбиентен воздух „Битола 2“, според податоците од веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе изнесува над 100 микрограми на метар кубен (μg/m$^3$).

**Член 2**

Мерката од членот 1 на оваа одлука се однесува и ќе важи за следните линии во општинскиот линиски превоз на патници:

| Број и назив на линијата | |
|---|---|
| 1 | Брусничка населба-Болница-Железничка станица-Шехерезада-Брусничка населба |
| 1 | Брусничка населба- Јавор-Железничка станица-Болница-Брусничка населба |

| | |
|---|---|
| 3 | Железничка станица- Мал Париз-Шехерезада-Педагошка-Плодност-Железничка станица |
| 3 | Железничка станица-Плодност-Педагошка-Јавор-Мал Париз-Железничка станица |
| 4 | Горно Оризари-Стрелиште-Шехерезада-Педагошка-Болница-Железничка станица-Нови гробишта-Горно Оризари |
| 4 | Горно Оризари-Стрелиште-Железничка станица-Болница-Педагошка-Јавор-Нови гробишта-Горно Оризари |
| 5 | Буковска населба-Железничка станица-Шехерезада-Педагошка-Болница-Буковска населба |
| 5 | Буковска населба- Болница-Педагошка-Јавор-Железничка станица-Буковска населба |
| 6 | Јавор-Долно Оризари- Карамани-Трн-Јавор |
| 14 | Симпо-Бистрица-Симпо |

**Член 3**

Превозниците се должни да обезбедат бесплатен превоз на патниците во деновите и на линиите определени со оваа одлука.

Во деновите и на линиите на кои патниците ќе имаат право на бесплатен превоз согласно со оваа одлука, превозниците се должни на предната и на десната бочна страна на автобусите да истакнат натпис „Бесплатен превоз“ или „Слободно возење“.

**Член 4**

Општина Битола ќе го субвенционира бесплатниот превоз утврден во членот 1 на оваа одлука, така што за работните денови во кои ќе важи правото на бесплатен превоз согласно со оваа одлука, на превозниците ќе им исплати надоместок во висина на просечниот дневен промет во работни денови на линиите од членот 2 на оваа одлука, пресметан во последните 30 дена од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 5**

При пресметката на надоместокот од членот 4 на оваа одлука ќе се одбие износот на возните билети кои превозниците ќе ги наплатат со фискални сметки од патниците во деновите во кои патниците имале право на бесплатен превоз согласно со оваа одлука.

**Член 6**

Превозниците кои што вршат општински линиски превоз на патници на линиите од членот 2 на оваа одлука се должни најдоцна до 25.12.2019 година до Општина Битола да достават дневни финансиски извештаи или изјава заверена на нотар од одговорното лице на превозникот за остварениот дневен промет на тие линии во работни денови во последните 30 дена сметано од денот на донесувањето на оваа одлука, а во спротивно ќе го изгубат правото на субвенционирање утврдено со оваа одлука.

**Член 7**

Општина Битола ќе им го исплаќа на превозниците надоместокот од членот 4 на оваа одлука месечно, во рок од 30 дена од денот на приемот на уредна фактура во архивата на Општина Битола, со прилог дневни финансиски извештаи и/или изјава заверена на нотар дадена од одговорното лице на превозникот дека не се наплаќале возни билети од патниците во пресметковните денови од фактурата.

**Член 8**

За спроведување на оваа одлука се определуваат финансиски средства во вкупен износ од 1.000.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Општина Битола за 2020 година, ставка 464990, програма R1 – Заштита на животна средина, планирана со Програмата за животна средина за 2020 година.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува во периодот од 23.12.2019 година до 31.01.2020 година.

Бр.09-183/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за субвенционирање на бесплатен јавен градски превоз на патници во денови со високи нивоа на концентрации на суспендирани честички PM10 во амбиентниот воздух над 100 $\mu g/m^3$............................................. 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211